Основен суд Охрид
Ул. "Македонски Просветители" бб
Тел. 046/261-156
Фах. 046/262-138

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД
## ВО 2019 ГОДИНА

## 1. Предметно работење на ниво на судот

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмет | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| **4125** | **14198** | **4** | **18319** | **14072** | **4247** |

## 2. Судска управа

| ОСНОВЕН СУД ОХРИД | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмет | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предмети од судска управа | 14 | 686 | | 700 | 665 | 35 |
| Доверливи предмети во судска управа | | 2 | | 2 | 2 | |
| Слободен пристап до информации | 1 | 8 | | 9 | 8 | 1 |
| Евиденција на претставки и поплаки | | 5 | | 5 | 5 | |
| **ВКУПНО** | **15** | **701** | | **716** | **680** | **36** |

## 3.Квалитет на предмети на ниво на суд:

| Решени ( предмети за кои е дозволен правен лек) | Обжалени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10736 | 1478 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | | 995 | 67,3 | 289 | 19,5 | 140 | 9,5 | 37 | 2,5 | 17 | 1,1 | | |

Квалитетот на предметите е пресметан во однос на обжалените предмети од вкупно решените, за кои е дозволен правен лек.

# 4. Предметно работење на ниво на оддел

## -Кривичен оддел

| ОСНОВЕН СУД | | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Определени дејствија во претходна постака | 6 | 412 | | 418 | 411 | 7 |
| | Оцена на обвинителен акт во кривично | 8 | 20 | | 28 | 25 | 3 |
| | Разни кривични предмети | 28 | 3259 | 2 | 3285 | 3243 | 42 |
| | Предмети за кривични полнолетни | 312 | 321 | | 633 | 378 | 255 |
| | Кривични малолетни | 14 | 6 | | 20 | 10 | 10 |
| | Замолници во кривична област | 7 | 66 | | 73 | 70 | 3 |
| | Кривичен совет ( во претходна постака ) | 42 | 402 | | 444 | 383 | 61 |
| | **Прекршочни предмети** | 897 | 1568 | | 2465 | 1444 | 1021 |
| | Разни прекршочни предмети | 2 | 511 | | 513 | 502 | 11 |
| | Извршување на прек. глоби, трош.ипаушал | 208 | 764 | | 972 | 782 | 190 |
| | Условен отпуст и прекин на казна | | | | | | |
| | КУИКП | 46 | 57 | | 103 | 41 | 62 |
| | Извршување на одземен имот и предмети | 9 | 60 | | 69 | 56 | 13 |
| | Извршување на кривични глоби , трошоци | 24 | 154 | | 178 | 131 | 47 |
| | Изврш. на крив. и прекрш. санкции и алтерн. | 3 | 586 | | 589 | 547 | 42 |
| | Прекин на издржување казна | | | | | | |
| | Кривичен совет за прекроци | 4 | 6 | | 10 | 8 | 2 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **1610** | **8192** | **2** | **9800** | **8031** | **1769** |

## - Граѓански оддел

| ОСНОВЕН СУД | | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Парнични мала вредност | 326 | 582 | 1 | 907 | 585 | 322 |
| | Имотни спорови - проширена надлежност | 225 | 245 | | 470 | 254 | 216 |
| | Семејни спорови | 52 | 121 | | 173 | 113 | 60 |
| | Облигациони спорови | 130 | 122 | | 252 | 139 | 113 |
| | Работни спорови | 45 | 107 | | 152 | 82 | 70 |
| | Трговски спорови | 26 | 31 | | 57 | 35 | 22 |
| | Платни налози | | | | | | |
| | Платни налози по приговор | 19 | 28 | | 47 | 31 | 16 |
| | Повторување во парница | | | | | | |
| | Стечај | 26 | 43 | | 69 | 47 | 22 |
| | П.П.Н.И. | 30 | 317 | | 347 | 338 | 9 |
| | ЗАВ | 10 | 1055 | | 1065 | 1027 | 38 |
| | Против извршување | 5 | | | 5 | 4 | 1 |
| | Оставина по приговор | 3 | 9 | 1 | 11 | 10 | 1 |
| | Замолници | 2 | 27 | | 29 | 18 | 11 |
| | Разни ВПП | 112 | 1209 | | 1321 | 1292 | 29 |
| | Оставина | 771 | 830 | | 1601 | 561 | 1040 |
| | Одземање деловна способност | | | | | | |
| | Физичка делба | 47 | 38 | | 85 | 41 | 44 |
| | ВПП | 671 | 541 | | 1212 | 784 | 428 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **2500** | **5305** | **2** | **7803** | **5361** | **2442** |

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

### - Кривичен оддел

| Решени ( предмети за кои е дозволен правен лек) | Обжалени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6420 | 401 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | | 263 | 65.6 | 76 | 18.9 | 43 | 10.7 | 4 | 1 | 15 | 3.7 | | |

### -Граѓански оддел

| Решени ( предмети за кои е дозволен правен лек) | Обжалени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4316 | 1077 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | | 732 | 68 | 213 | 19.8 | 97 | 9 | 33 | 3 | 2 | 0.1 | | |

## 6. Состојба со стари нерешени предмети:

Во Основниот суд Охрид има вкупно 574 стари нерешени предмети заклучно со 2017 година, од кои:

-спорови од мала вредност 13 предмети,
-имотни спорови 39,
-трговски спорови 3,
-стечајни 3 ,
-кривични према полнолетни 67 предмети,
-прекршочни 67 ,
-ВПП предмети 77,
-оставински 228, (во работа кај нотари)
-платни налози по приговор 1,
-КУИКП 20,
-ИОИП 2,
-Работни спорови 4,
-Облигациони спорови 36,
-Семејни спорови 1,
-Навреда и клевета 2,
-Кривични малолетни 4,
-КР 1,
-ЗАВ 2,
-КСКР -3

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2008 год. 2, од 2009 год. 1, од 2010 год. 2, од 2011 год. 2 , од 2012 год. 4 , од 2013 год. 5 , од 2014 год. 34, од 2015 год. 35, од 2016 год. 84 и од 2017 год. има 405 стари нерешени предмети .




Од вкупно 574 стари предмети, 218 се стари оставински предмети од кои само 1 предмет е во работа кај судија, останатите се во работа кај нотари.

## 7. Кратки констатации за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси

### - Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

Судот располага со две стари службени возила кои се во дотраена состојба и нивната употреба претставува ризик на вработените кои ги користат истите, а во текот на 2019 година набавено е ново возило за потребите на судот.

Во однос на безбедноста на предметите во судот треба да се каже дека за задоволување на потребите за архивирање потребно е да се обезбеди уште една просторија.

За безбедноста на вработените и странките се грижи судската полиција која е присутна во судот 24 часа. Судската зграда е обезбедена и со видео надзор како и со картички за евиденција на пристап во судските простории освен во просториите кои се наменети за странки (шалтер сала, судници и сл.)

### - Извештај за информатички технологии

**Персонални компјутери** - Во Основниот суд Охрид моментално има 123 персонални компјутери од кои 34 се во постапка на расходовање. Во 2019 година набавени се 8 нови компјутери , така што состојбата со компјутери е значително подобрена. Според карактеристиките и старосната состојба на преостанатите компјутери може да се заклучи дека во голем дел истата не ги исполнува основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Заради надминување на овој проблем неопходна е замена на дотраените компјутери и компјутери со несоодветни карактеристики со компјутери кои ќе ги

исполнуваат потребните стандарди за работа.. За да се надмине овој проблем потребни се минимум 10 персонални компјутери.

**Печатари** – Минатата година набавени се 2 локални печатари. Поголем дел од останатите печатари се доста стари со завиден век на траење. Со набавка на 10 локални печатари и со извесна прераспределба на постоечките состојбата во судот значително би се подобрила.

**Состојба со сервери-** Моментално располагаме со сервер од типот Fujitsu стар повеќе од 10 години, потребно е да се замени со понов сервер, со поголем капацитет на меморија кој во иднина ќе ги задоволува потребите во однос на работењето во нашиот суд.

**Состојба со компјутерската мрежа -**Моменталната состојба со мрежната опрема ги задоволува постоечките потреби, меѓутоа ако се набават нови компјутери сметаме дека ќе има потреба од дополнителни свичеви.

**Апликации и активности** -Во судот активно работи АКМИС апликацијата која редовно се ажурира и континуирано се врши обука за измените и новините кои се воведуваат.

Во функција е модулот за скенирање на поднесоци до судот и прикачување на истите кон досието на предметот.

Активна е и WEB страната на судот на која редовно се објавуваат анонимизирани одлуки, дневен распоред за судење, како и други соопштенија, извештаи и сл.

Во 4 судници воведено е тонско снимање на граѓанските предмети преку FEMIDA апликацијата истото се спроведува согласно судскиот деловник.

Се спроведува и првата фаза за електронска достава на акти до учесниците во предметите на судот кои се регистрирани со електронско сандаче.

**- Извештај за човечки ресурси**

Основниот суд Охрид 2019 година ја заврши со вкупно 86 вработени од кои 14 судии и претседател на судот.

Како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 2 извршители, Информатичар - 1 извршител, судски службеници за во судски писарници – 4 извршители Дактилографи 2 – извршители, оператор на телефонска централа 1- извршител и технички секретар на претседателот 1- извршител.

Во текот на 2019 година се реализирани 3 вработувања.

Обуките на вработените се реализираат согласно распоредот изработен од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и истите имаат позитивен ефект во подобрување на квалитетот на работење, посебно во разрешување на одредени правни прашања.

**СУ БР.**
**.02.2020 год.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**МИЛЧО КЛИШЕСКИ с.р.**